ПЛАН ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНА СРЕДИНА И СОЦИЈАЛНИ АСПЕКТИ
ЗА ПРОЕКТОТ “ПРОМОЦИЈА НА ЧАРШИСКИ ТУРИЗАМ ВО ОПШТИНА ЧАИР“

ОПШТИНА ЧАИР

Скопје, Мај 2018

Вовед

Проектот за локална и регионална конкурентност (ПЛРК) е четиригодишна инвестициска операција, поддржана од Европска Унија и ги користи средствата од ИПА 2 и наменета за конкуренција и иновација во Македонија. ПЛРК е менаџиран како Хибрид Труст Фунд и составен од четири компоненти, и спроведуван од Светска Банка и Влада на Македонија. Проектот ќе обезбеди финансиски инвестиции и градење на капацитет со цел поддршка на секторски раст, инвестирање во дестинации и развој на специфична дестинација. На регионално и локално ниво, Проектот ќе подржува избрани туристички дестинации во земјата преку една комбинација на техничка подршка со цел подобрување на менаџирањето на дестинацијата, инвестирање во инфраструктурата и инвестиции во иновации. Инвестициите ќе се реализираат преку шема на грант за засегнати страни на регионален туризм како што се општините, институциите, НВО и приватен сектор.

Овој План за менаџирање на животна средина и социјална заштита (ПМЖС) вклучувајќи го и Планот за менаџирање на културно наследство е изготвен за предвидените активности во рамките на проектот Промоција на туризмот во Стара Чаршија во Општина Чаир. ПУЖСА претставува опис на проектот, технички детали, подрачјето и локацијата, врз основа на кои ги оценува ризиците за животна и социјална средина како и ризиците поврзани со неподвижно културно наследство. Имплементацијата на мерките за ублажување и мониторинг кои ги идентификуваат утврдените ризици и прашања во ПУЖСА е задолжително.

1.Промоција на чаршиски туризам во Општина Чаир

ССЧ која е во рамките на Општина Чаир, се наоѓа во центарот на Скопје, главниот град на Република Македонија, кој во нашата држава е категоризиран како туристичко место од врвна категорија согласно критериумите на атрактивност за туристичка посетеност. Стара Чаршија со своето културно, историско и духовно наследство кое потекнува уште од 12 век, претставува голем развоен туристички потенцијал за општината како и за градот Скопје.

Врз основа на типолошките карактеристики, Стара Чаршија е категоризирана како комплексна чаршија со средновечен ориентален карактер. Во рамките на Стара Чаршија постојат голем број на профални и сакрални монументални објекти и е една од најголемите чаршии во Балканот. Поради својата важност и вредност, Стара Скопска Чаршија е заштитена како културен објект со одлука на Управа за заштита на културни објекти. Поради критериумите кои ги исполнува како што се документација, старост, различност и интегритет, Стара Чаршија е категоризирана како културно наследство од посебно значење. Законот за заштита на Стара Чаршија спречува активности и влијаниа кои можаат да ги оштетат и деградираат културните објекти и обезбедува презервација на нејзините историски и културни вредности.

ССЧ ги исполнува сите основи според кои се дефинира одредницата „туристичко место“: таа е атрактивна (со богатството на своите културно-историски споменици и мноштвото угостителски и продажни капацитети); таа поседува комуникативност (бидејќи има пешачка и сообраќајна пристапност); и, конечно, има висока рецептивност (бидејќи самата располага или во нејзина близина има објекти за сместување и голем број други објекти кои нудат неопходни услуги за туристите).

Актуелната состојба на Стара Чаршија која е исто така потврдена и во програмата за ревитализација на Стара Чаршија, поради бесправни ископи за различни видови на интервенции од корисниците на единечни објекти во чаршијата, партерот на уличните мрежи и другите отворени површини е во исклучителна деградирана состојба.
Фасадата и витрината кај голем број на дуќани се дотраени или во заменети со витрини од ПВЦ материја и алумин и со тоа го нарушиле автетичниот лик на Старата Чаршија.
Поради гореспоменатите причини, Општина Чаир предвидува санација на дел од калдрмата во главната улица Бит Пазарска и конзервација на постоечките фасади и витрини на објектите во Стара Чаршија преку замена на витрините и вратите и поставување на натпис на дуќанот и во согласност со член 7 од Законот за заштита на Стара Чаршија. Реализација на активностите на под проектот преку замена на витрините и вратите и поставување на натпис на дуќанот што ќе придонесе кон зголемување на атракцијата на Старата Чаршија како туристичка дестинација како и поголем социо економски развој на туристичките оператори и занаетчии во Стара Чаршија.

2. Планирани активности

Општина Чаир планира активности за санација и замена на оштетената калдрма во главната улица Бит Пазарска како и замена на постоечките витрини на дуќаните во Стара Чаршија. Проектот предивдивуа употреба на природен камен за калдрмата и ист како постоечкиот камен за калдрма. Каменот треба да биде со дебелина од 10 до 20см, во зависност од местоположбата на рекострукцијата. Каменот треба да биде I категорија и без пукнатини. За замена на посточките витрини, конзерваторските услови издадени од Национална Установа Конзерваторски Центар предвидуваат употреба на масивно дрво кој нема да влијае во деформација на дрвото. При изработка на столаријата, процентот на влага во дрвото не смее да биде над 11%.
Вкупната површина на санација на калдрмата е 2240 m².

Слика1 Графички приказ на калдрма

Слика 2 Постоечка состојба на калдрмата

Предвидените активности за замена на старите витрини вклучуваат:

1. Замена на старите прозори со метални и алумински профили со нови дрвени профили според прописите и законите за Стара Чаршија
2. Поставување на натпис на дуќаните
3. Поставување на жардиниери околу дуќаните
4. Поставување на ќепенци кај дуќаните

Треба да се напомене дека дуќаните се одредени врз основа на нивната деградирачка состојба како и изразување на интерес на сопствениците или кирациите за менување на излозите.

Слика 3 Постоечка состојба на дуќаните



Слика 4 Планирана состојба

Покрај овие активности, главна активност ќе биде виртуелизација на културните знаменитости во Чаршијата. Тоа треба да биде направено преку воведување на софтверски апликации за дигитални платформи што ќе ги привлече и младите кои користат слични алатки и ќе ја направи Чаршијата уште поголема туристичка атракција. За време на сите активности, Општината ќе ги гради капацитетите на туристичките актери во Чаршијата, ќе ги унапредува односите со останатите чаршии во Балканот, со цел да стана чаршиски центар на Балканот.

<u>Локација на активностите</u>

Стара Чаршија, со Законот за заштита на Стара Чаршија е прогласена ка културно наследство од посебно значење (Сл. Весник на РМ. 130/08 и 179/10). Законот за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од посебно значење овозможува заштита на историски, уметнички, архитектонски, урбани, етнолошки, социолошки и други научни и културни вредности како и другите карактеристике на Старата Чаршија како на пр. веродостојноста, интегритетот, диверзитетот и др.

Стара Скопска Чаршија е најголема Чаршија во Балканот надвор од Истанбул. Лоцирана на источниот брег на реката Вардар, таа била градски центар за трговија уште од 12 век, а нејзинииот врб го достигнала за врема на османлиското владеење во Балканот. Како доказ за тоа се многубројните објекти кои биле лоцирани во старата чаршија како што се џамиите, неколкуте анови, и други турски објекти. Иако исламската архитектура доминира во чаршијата, сепак постојат и неколку цркви. Археолошките докази пронајдени на тврдината Кале сугерираат дека Старата скопска чаршија била населена уште во 4.000

година п.н.е., додека првите историските записи укажуваат на тоа дека за прв пат чаршијата била населена во 6 век п.н.е. од страна на Пајонците. Во 6 век п.н.е византискиот император Јустинијан I ја изградил тврдината Кале на еден рид, од кој подоцна почнува да се простира скопската чаршија. Областа станува главен трговски центар во 12-от век.

Во 1392 год., Македонија била освоена од страна на отоманските Турци кои го именувале Скопје како Üsküp. За време на османлиското владеење, чаршијата го достигнува својот врв и се здобива со големо значење при што станува еден од најважните економски центри. Градот набрзо станува место во кое доминирало муслиманското население кое придонело за обликувањето на неговиот изглед во тој период преку градење на многубројни објекти како што се многубројните џамии, анови, амами и други исламски градби кои се јавувале во градот.

Прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од посебно значење е во општ интерес на Република Македонија. Со цел на заштита, регулирање и ревитализација на Стара Чаршија, Општина Чаир и Центар усвојуваат детални урбанистички планови за заштитените подрачја.

Во рамките на Стара Чаршија постојат повеќе сакрални и профански објекти како индивидуални неподвижно културно наследство во согласност со Законот за заштита на културно наследство. Меѓутоа, ниеден од овие објекти не се наоѓа во близина на планираните активности.

Во слика 4 со црвена боја се прикажани дуќаните предвидени за замена на витрина. Во прилог на ПМЖС како Анекс 1 даден и детален План за менеџирање на културно наследство за под проектот на Општина Чаир.



Слика 4 Локација на дуќаните во Стара Чаршија (дуќаните предвидени за санација се прикажани во црвена боја)

2. Опсегот и целта на ПМЖС и Планот за менаџирање на културно наследство, Институционална рамка

ПМЖС е изготвен за предвидените активности во рамките на под проектот на Општина Чаир Промоција на чаршиски туризм во Општина Чаир. ПМЖС и Планот за менаџирање на културно наследство соддржи опис на проектот, технички детали, опсег и локација, врз основа на кои се оценети и ризиците за животна и социјална средина. ПМЖС и Планот за менаџирање на културно наследство ги идентификуваат оддржливите и ефективни мерки кои можаат да ги редуцираат потенцијалните негативни влијаниа до прифатливо ниво врз животна и социјална средина и врз културното наследство. Имплементација на мерките за ублажување врз идентификуваните ризици и прашање е задолжително.
ПМЖС се состои од збирка на институционални мерки за ублажување и мониторирање во текот на реализација на активностите со цел да се елиминираат негативните влијаниа врз животна и социјална средина, или нивно намалување до прифатливо ниво. Планот, исто така вклучува и потребни активности за имплементирање на овие мерки.
ПМЖС дава опис со технички детали за секоја мерка за ублажување, вклучувајќи го и видот на влијанието заедно со скици, опис на опрема и процедури за дејствување, како и потенцијални соодветни влијаниа, оценувања врз животната средина на овие мерки и обезбедува врска со други планови за ублажување задолжителни за проектот (Планот за менаџирање на културно наследство за под проектот Промоција на чаршиски туризм во Општина Чаир е во прилог како Анекс 1 на овој ПМЖС.

Процедура за оценка на влијание врз животна средина за развој на проектот
Процедурата за оценка на влијанието врз животна средина е пропишано во Законот за животна средина, Сл. Весник бр. 53/05, 81/05 24/07, 159/08 и 83/09; 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 163/13, 42/14, 129/15 и 39/16 (Поглавје XI/Член 76-94) и каде директивите на ЕУ врз оценките за влијанието врз животна средина се ставени (Директива 85/337 EEC, 97/11/EC, 2003/35/EC и 2009/31/EC).
Процедурата почнува кога инвеститорот (Предлагач на Проектот) кој има намера да реализира проект, доставува Писмо за намера во пишана и електронска верзија до Министерство за Животна средина и просторно планирање (МЖСПП – Сектор за животна средина), одговорна за комплетна процедура. Сектор за животна средина е должна да дава мислење во врска со предметот дали е потребно или не изготвување на Елаборат за животна средина, Оценка за животна средина.
Процедурата за проверка е етапа во која МЖСПП одлучува дали е потребен Елабората за животна средина или Оцена за животна средина за одреден проект. За развој на проекти кои не се во списокот на проекти за кои е потребен Оцена на животна средина (мали проекти), за овие проекти е потребно изготвување на “Извештај за влијание на животна средина – Елаборат“ (применливо за проекти од Б категорија под процедура за Оценка на Животна средина ОП 4.0.1 од Светска Банка).

Национална процедура за оценка на животна средина за мали проекти
Во текот на етапата за проверка на Процедурата за оценка на влијанието на животна средина, во случај на одлука дека нема потреба за Процедурата за оценка на влијанието на животна средина, инвеститорот треба да изготвува Извештај за оценка на влијанието за животна средина – Елаборат. Оваа процедура е задолжителна за мали проекти (пр. Реконструкција на локални улици, изградба на системи водоснабдување, канализација, и

др) кои предизвикуваат кратко трајни и минорни негативни влијание врз животната средина.

Постојат два Правилника за изготвување на Извештај за оценка на влијание за животна средина – Елаборат за мали проекти:

- Правилник за список на проекти за кои треба да се изготви Извештај за оценка на влијание на животна средина од страна на инвеститорот и Извештајот треба да се усвои од Министерството за животна средина и просторно планирање (Сл. Весник бр. 36/12);
- Правилник за список на проекти за кои треба да се изготви Извештај за оценка на влијание на животна средина од страна на инвеститорот и Извештајот треба да се усвои од градоначалникот на општина или од градоначалникот на Град Скопје (Сл. Весник бр. 32/12)

Содржината на Извештајот за оценка на влијание на животна средина – Елаборат треба да биде во согласност со Правилникот за формата и содржината на Извештајот и со процедурите за усвојување на Извештајот за оценка на влијанието за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 12/132).

Извештајот за ОВЖС – Елаборатот ги соддрува главните карактеристике на активностите, главните негативни и позитивни влијаниа врз животната средина. Едноставната Програма за заштита на животната средина се состои од мерки за спречување, ублажување и компензирање на негативните влијаниа врз сите елементи на животната средина кои треба да се развиваат во согласност со националната легислатива и меѓународните практики за животна средина. Во текот на изготвување и усвојување на Извештајот за ОВЖС – Елаборат нема потреба за јавна дебата.

Список на регулатива и документи за предложените мерки за менаџирање на животна средина

1. Закон за животна средина (“Службен Весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13,42/14, 44/15, 129/15 и 39/16);
2. Закон за управување со отпад (“Службен Весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 82/09, 124/10, 09/11, 47/11, 51/11, 163/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 39/16 и 63/16);
3. Закон за заштита од бучава во животната средина (“Службен Весник на РМ“ бр. 79/07, 124/10, 47/11 и 163/13);
4. Закон за квалитет на амбиентен воздух (“Службен Весник на РМ“ бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 100/12, 4/13 и 10/15);
5. Закон за заштита на природата („Службен Весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16);
6. Закон за управување со пакување и отпад од пакување (“Службен Весник на РМ“ бр. 161/09, 17/11, 47/11, 136/11, 6/12, 39/12, 9/13 и 39/16);
7. Закон за безбедност и здравје на РМ (Сл. Весник на РМ“, бр. .92/07, 136/11, 23/13 ,25/13 137/13, 164/13, 158/14, 15/15, 129/15 и 192/15)
8. Закон за води (“Службен Весник на РМ“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/12, 23/13, 163/13, 180/14 и 146/15);
9. Закон за градење (“Службен Весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 59/11, 13/12, 144/12, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 44/15, 129/15 и 39/16)
10. Закон за заштита и безбедност на работно место (“Службен Весник на РМ“ бр. 92/07, 136/11, 23/13 и 25/13)

11. Закон за заштита на културното наследство (“Службен Весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14 и 154/15);
12. Закон за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од посебно значење (“Службен Весник на РМ“, бр. 130/08).

За повеќе детали за заштита на културно наследство на Стара Чаршија, види во План за менаџирање на културно наследство.

Политики на Светска Банка – Категорија на животна средина

ОП. 4.01 Оценка на животна средина

ПЛРК е поддржан од Европска Унија и заеднички спроведуван од Кабинет на заменикот претседател на владата за економски прашања, како агенција за спроведување на фондот и Светска Банка. ПЛРК е категоризирано како проект од Б категорија, подразбирајќи дека одредено ниво на негативно влијание може да се очекува како резултат на спроведувањето, но ниедно од нив како значајно и долго трајно. Како резултат на оваа класификација е активирано ОП 4.01 Оценка на животна средина. Според ова, КЗПВЕП изготвуваше Рамка за управување со животната средина и социјалните аспекти (РУЖССА) како водиќ за животна средина за под проектите поддржани од грант шема Компонента 3, и да ги дефинира процедурат за проверка и оценка на животна средина. Сите активности на проектот (и на под-проектите) треба да се спроведуваат во согласност со РУЖССА, политиките на Светска Банка како и процедурите и националната регулатива (најригорзните преовладуваат).

Предложениот под-проект е класифициран како категорија Б поради фактот дека земајќи во предвид неговата природ, големина и локација, како и карактеристике, неговите потенцијални негативни влијаниа врз животната средина се помалку негативни од тие од категорија А. Овие влијание се специфични за локацијата; неколку од ови се неповратни; и во повеќе случаи мерките за ублажување може да се дизајнираат по спремни отколку тие од под-проектите од А категорија. Опсегот на ОЖС за под-проект од Б категорија може да се разликува од еден под-проект до друг под-проект. Во овој случај, ОЖС ги испитува негативните и позитивните влијаниа на под-проектот и препорачува потребни мерки за спречување, минимизирање, ублажување или компензирање за негативните влијаниа.

Категорија задолжува ОЖС за оценка на секое потенцијално негативно влијание поврзано се предложениот под-проект, идентификување на потенцијални можности за подобрување на животна средина и мерки потребни за спречување, минимизирање и ублажување на негативните влијаниа. Опсегот и форматот на ОЖС ќе варира во зависност од под-проектот, но типично ќе биде помал од Оцена на влијание на животна средина, обично во форма на РУЖССА. Опсегот на РУЖССА е дефиниран во анексот Д од РУЖССА.

За под-проектите од категорија Б+, корисникот/добитникот е одговорен за изготвување на а) комплетен ОВЖС (во зависност од мислењето добиено од одговорната институција (локална или национална) со РУЖССА или в) еден пред ОВЖС (едноставна форма на ОВЖС – извештај за проверкс) со РУЖССА кој вклучува, по потреба, редуциран опсег на ОВЖС, кој бара краток опис на влијаниата и одредувајќи ги добро дефинираните мерки за ублажување и усвојувајќи ги прифатените практики за делување и мониторирање. Трошоците за мерките за ублажување ќе бидат вклучени во ОВЖС или РУЖССА и инкорпорирани ви физибилиту студи и подоцна во предмер пресметката.

Изготвениот документ за ОЖС, во зависност од мислењето од одговорната институција (МЖСПП), ќе вклучува и анекс на РУЖСС подготвен според ОП 4.01 од Светска Банка.

ОП/БП 4.11 Физички Културни Ресурси

Политиката за Физички културни ресурси се активира кога под-проектите во под-Компонентата 3-Инфраструктура, потенцијално вклучуваат проекти со директно или индиректно влијание над неподвижните културни ресурси.

За под-проектите до ја активираат оваа политика, треба да се изготвува План за менаџирање на активностите за културно наследство. Овој план маже да биде дел на РУЖССА или ОВЖС.

Оваа практика се осврнува на физичките културни ресурси, кои се дефинирани како подвижни или неподвижни објекти, структури, групи на структури, кои имаат археолошко, палеонтолошко, историско, архитектонско, религиозно, естетско или културна важност. Физички културни ресурси можаат да бидат над или под земја или под вода. Нивната културна важност може да биде од локално, регионално или национално ниво или во рамките на меѓународната заедница. Физичките културни ресурси се значајни како извори на вредни научни и историски информации, како вредност за економски и социјален развој и како интегрален дел на културен идентитет.

Повеќето од физичките културни ресурси се туристички атракции и можно е дека дел од нив се локации каде потенцијалните проекти под компонентата 3 од ПЛРК може да се спроведуваат.

Институционални мерки

Општина Чаир е една од десетте општина на Град Скопје – главен град на Република Македонија. Иако според површина, најмала општина во Скопје, Чаир припаѓа во групата со висок број на населението. Општината е формирана во 1976 година според Законот за територијална поделба на Република Македонија, но со новиот Закон за територијална поделба од 2005 година, границите на општината значително се намалени. Сега покрива површина од 3.5 км². Вкупнота население на општината изнесува 64,773 и претставува 3.2% од вкупното население на Република Македонија. Густината на населението е 18,401 жители во 1 км². Општината е мултиетничко и мултикултурно. Мнозинството на населението е албанско потекло, следено од македонско, турско и др. Според Законот за Децентрализација на Република Македонија, општините се одговорни за урбано планирање, заштита на животна средина, економски развој, култура, социјална заштита, образование, и др.

Визија на Општина Чаир е отворена општина со автетични мултикултурни вредности и партнерство кој обезбедуваат развој и квалитет на животот на сите граѓани.

Мисија на општината е – отворена за младите, ефикасен и инспиративен партнер во функција на поставување на модерни стандарди.

Во рамките на администрацијата, Општина Чаир има вработено овластен инспектор за животна средина кој е одговорен за мониторирање и заштита на животна средина и менаџирање со отпадот. Инспекторот за животна средина активно ќе учествува во проектот, компонента заштита на културно наследства на Стара Чаршија.

Според Законот за прогласување на Стара Чаршија како културно наследство од посебно значење, за секоја активност во Стара Чаршија во врска со замена на прозори, врати и санација на калдрма, Министерство за Култура треба да издава одобрение врз основа на претходно мислење од Национална Институција Конзерваторски Центар – Скопје. Националната Институција Конзерваторски Центар има издадено позитвно мислење и доставила до Министерсто за Култура за одобрение.

Цел на Планот за управување со животна средина и План за управување со културно наследство / Јавно објавување и консултации со јавност

Целта на Планот за управување со животната средина за проектот „ Промоција на чаршиски туризам во општина Чаир “ е навремено да ги идентификува влијанијата врз животната средина кои ќе произлезат од реализација на предвидените проектни активности за чие ублажување односно минимизирање се предложени мерки за заштита на животната средина и временски период на реализација на мерките, со одговорни лица за спроведување на Планот и предвидени трошоци.

Подготвениот План за управување со животната средина вклучително и Планот за управување со работи од културното наследство за предложениот под- проект ќе биде дел од Договорот со Изведувачот кој е должен да ги спроведува предвидените мерки согласно Планот за ублажување. Надзорниот инженер има обврска да го набљудува и оценува спроведувањето на предложените мерки согласно Планот за следење и да ги известува инвеститорите и Проектната канцеларија (Општина Чаир и Проектот за локална и регионална конкурентност/ПЛРК).

Јавноста ќе биде вклучена во постапката за оценка на влијанието на проектот преку организирање на јавна расправа во просториите на Општина Чаир. Планот за управување со животната средина за под- проектот ќе биде достапен во печатена форма во просториите на Општина Чаир и ПЛРК/КЗПВРМЕП и ќе биде објавен на веб страните на ПЛРК, Агенција за промовирање и поддршка на туризмот и веб страната на Опѓтина Чаир каде ќе биде достапна за јавноста во период од 14 дена. За консултирање со јавноста, печатена форма ќе биде достапна во просториите на Општина Чаир. Заедно со ПУЖС ќе биде и јавен повик за учество во јавна дебата на состанокот (со време и место). Состанокот за јавна дебата ќе биде организирано при крај на периодот на консултации. Активно, Апликантот ќе информира и ќе ги повикува засегнатите страни вклучувајќи ги локалните НВО, засегнатите заедници и со соодветни средства. Ќе биде назначено контакт лице кое ќе ги собира коментарите во однос на Планот за управување со животната средина I и Планот за управување со работи од културното наследство доставени во текот на периодот за јавен увид во Плановите, како и за време на одржувањето на јавната расправа и истите ќе ги вклучи во Извештај од одржаната јавна расправа кој ќе биде дел од Планот. На тој начин ќе се овозможи достапност на коментарите до апликантите и земање на релевантните коментари во предвид и вградување на одговорите по коментари и забелешки во финалниот План за управување со животната средина и и Планот за управување со работи од културното наследство.

3. Влијанија врз животната средина и културното наследство

Во рамките на проектот “Промоција на чаршиски туризм во општина Чаир“потенцијалните ризици и негативни влијаниа се одредени:

Ризици и влијаниа врз животната средина и безбедноста на работно место

Можни споредни ефекти/влијаниа во околната животна средина и негативни здравствени ефекти може да се појават како резултат на:

Неадекватно управување со отпадот и ненавремено собирање и транспорт на отпадот како и создавање и управување на различни видови на отпад (градежен отпад, дрво, метал, пластика, стакло, опасен отпад – боја и остатоци од лак, масло, и др.)
Овие ефекти се локални (со можност регионални во зависност од управувањето и локацијата за завршно транспортирање/доработка), ограничени со локацијата за санација на надворешниот изглед на дуќаните и санација на калдрмата во главната улица на Стара Чаршија и ограничени со периодот за санација, без можност за долготраен ефект и со повторување на истите.
Некои пречки се очекуваат од зголемувањето на нивото на бучавата поради локација на дуќаните и улицата за пешаци (во урбано подрачје) и поради природата на активностите за санација како на пример:

- замена на оштетена калдрма со нова автетична калдрма,
- замена на ПВЦ и метални профили на прозори и врати од дуќаните со нови профили од дрво,
- транспорт на материјали (калдрма, врати и прозори),
- транспорт на отпад од локацијата во рамките на Стара Чаршија.

Можни негативни ефекти врз ***здравјето и безбедноста*** на работниците, корисниците и населението поради:

- локација на дуќаните во Стара Чаршија
- непочитување на националните процедури за безбедност и здравје
- непочитување на локални процедури за безбедност
- зголемено ниво на бучава
- зголемено ниво на прашина
- зголемено ниво на загадување на воздухот

Овие ефекти се локални и ограничени со периодот предвиден за спроведување на активностите.
Поради непочитување на процедурите за работа и безбедност, постои можност за негативни ефекти врз здравјето и безбедноста на работниците. Овие ефекти се локални и ограничени со локацијата за санација на дуќаните и санација на калдрмата во главната улица и ограничени со периодот на санацијата без можност за долготраен ефект и повторување.
Во текот на санација на калдрмата во главната улица и санација на надворешниот изглед на дуќаните (замена на ПВЦ и метални профили со автетични дрвени профили) можно е генерирање на одредена **количина на прашина**. Овие ефекти се локални и ограничени со локацијата за санација на дуќаните и санација на калдрмата во главната улица и ограничени со периодот на санацијата без можност за долготраен ефект и повторување.

Социјални влијаниа

Проектот ќе овозможи општ развој на заедницата во Стара Чаршија. Подобрувањето на инфраструктурата и конзервација на автотичноста на Стара Чаршија ќе го зголеми бројот на домашни и странски туристи во регионот и ќе овозможи и размена на различни културни традиции и искуства меѓу луѓето кои работат и живеат во Старата Чаршија и туристите.
За реализација на активностите на проектот нема да се купи земја или преобразување на сегашна употреба на земја или на објекти.

Поради локација на дуќаните и главната улица за пешаци (урбано подрачје во центарот на Град Скопје) во текот на изведба на предвидените активности можно е појава на потенцијални негативни ефекти врз здравјето и безбедноста на сопствениците на дуќаните, корисниците (посетителите) и туристите како генерално население како на пример:

